**АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ШВАЈЦАРСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА**

**AMBASSADE DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE EN CONFEDERATION SUISSE**

**BOTSCHAFT DER REPUBLIK MAKEDONIEN IN DER SCHWEIZERISCHEN EIDGENOSSENSCHAFT**

**AMBASCIATA DELLA REPUBBLICA DI MACEDONIA IN CONFEDERAZIONE SWIZZERA**

**Број : 04-03-281**

**Датум : 20.04.2009 година**

***ДО : СИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РМ ВО ШВАЈЦАРСКАТА КОНФЕДЕРАЦИЈА***

1. Амбасадата на Република Македонија во Берн има чест да извести дека Министерот за надворешни работи на Република Македонија, г-нот Антонио Милошоски, на 4 мај 2009 година официјално ќе ја посети Швајцарската Конфедерација и ќе има разговори со Министерката за надворешни работи на ШК, Мишлин Калми-Ре.

Во рамките на посетата, МНР Милошоски во недела на 3.мај ќе го посети објектот во изградба на црковниот храм „Св. Наум Охридски" во Тринген, кантон Луцерн. Со цел заштеда на краткото време на посетата, а со оглед дека објектот се наоѓа во географскиот центар на Швајцарија, министерот Милошоски долгоочекуваната средба со претставниците на асоцијациите (клубови, црковни општини и исламски културни центри) во кои членуваат државјани на Република Македонија со постојан престој во Швајцарската Конфедерација, ќе ја оствари **во недела на 3.05.2009 година, во 19 часот, во помошните простории на Црковната општина „Св. Наум Охридски" – Тринген, 6234, Triengen, Gieslerstr. 9**

За време на двочасовната средба МНР Милошоски на кратко ќе го изложи своето видување за актуелните состојби во Република Македонија, а присутните ќе можат да му поставуваат прашања.

Амбасадата во Берн очекува средбата со МНР Милошоски да предизвика интерес кај претставниците на нашата дијаспора во Швајцарија и дека на неа ќе присуствуваат барем исто онолку присутни, колку и на состанокот во Берн, одржан на 16.11.2008 година, од кој произлегоа конкретни одлуки (одржување конзуларни денови, поднесување барања за пасоши во Амбасадата во Берн, подобрување на соработката меѓу различните асоцијации), кои целосно или делумно заживеаја во праксата.

2. Во периодот **20-24 април 2009 година, Швајцарската Конфедерација ќе ја посети и директорот на Агенцијата за иселеништво на Република Македонија, Васил Наумов**, кој во овој период ќе посети здруженија на државјани на Република Македонија со постојан престој во Швајцарската Конфедерација во Муртен, Бургдорф, Баар, Тринген, Лозана и Локарно. И ова ќе биде добра можност претставниците на дијаспората во Швајцарија да се сретнат со компетентна личност – претставник на Владата на Република Македонија, да се информираат и да ги искажат своите ставови за повеќе прашања.

3. Како што навестивме, на 11 и 12 април о.г. во Амбасадата во Берн гостуваше мобилна станица составена од вработени од МНР и МВР, при што 36 државјани на РМ со постојан престој во ШК **поднесоа барања за издавање на нови, биометриски, пасоши**. Се уште се работи за пробен - „пилот-проект", а Амбасадата во Берн ќе извести за евентуалниот термин за повторното доаѓање на мобилната станица во Берн.

Вршител на должност Амбасадор

во Амбасадата на Република Македонија во Берн

Јасмин Ќахил

АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА BOTSCHAFT DER REPUBLIK MAKEDONIEN БЕРН-BERN